Влада на Република Северна Македонија

Бр.4401-17/47

# З А П И С Н И К

од Четириесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 28 април 2020 година

Скопје, април 2020 година

# З А П И С Н И К
## од Четириесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 28 април 2020 година

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 13:50 часот.

Со седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски.

На седницата учествуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Мила Царовска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, членовите на Владата на Република Северна Македонија д-р Рената Дескоска, министер за правда, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, м-р Наќе Чулев, министер за внатрешни работи, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Хусни Исмаили, министер за култура, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, д-р Бардул Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Хисен Џемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата учествуваа и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура и Славјанка Петровска, дополнителен

заменик на министерот за внатрешни работи, како и Лирим Шабани, државен секретар во Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците
На седницата учествуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваше заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки.

*

*  *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- ✓ Усвојување на Записникот од 40-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 13 април 2020 година

- ✓ Усвојување на Записникот од 41-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 14 април 2020 година

1. Записник од Триесет и петтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД - 19, одржан на 25 април 2020 година

2. Записник од Триесет и шестиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД - 19, одржан на 27 април 2020 година

3. Записник од Триесет и седмиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД - 19, одржан на 28 април 2020 година

4. Информација за барањата кои ги исполнуваат критериумите од Јавниот повик бр.1 за кредити од Кредитната линија од Посебниот кредитен фонд (ПКФ) со цел намалување на последиците од коронавирусот КОВИД – 19 (Список бр.3)

5. Ценовник за изменување и дополнување на Ценовникот за отстрел на дивеч користење на дивечот и неговите делови и услуги во ловиштата на Јавно

претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „ЈАСЕН“ - Скопје, со Предлог- одлука за давање согласност

6. Ценовник за изменување и дополнување на Ценовникот за огревно и техничко дрво и други шумски производи и услуги во Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје ЈАСЕН-Скопје, со Предлог- одлука за давање согласност

7. Предлог-одлука за давање на трајно користење, недвижни ствари на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје (КО Гевгелија)

8. Предлог - одлука за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 2 и за висината на закупнината и Предлог - одлука за давање на согласност на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште со Друштво за инженеринг, енергија, гас, трговија, монтажа и услуги „Алка енерџи“ ДООЕЛ Скопје

9. Информација за усвојување на Годишната сметка, Годишниот извештај и Финансискиот извештај за работа на Трговско друштво „Нафтовод” ДООЕЛ Скопје за 2018 година, со предлог - одлуки

10. Информација со Предлог - одлуки за усвојување на Годишната сметка, Годишниот извештај за работа и Финансиски извештај на Друштвото за производство, промет и услуги „Препород“ ДООЕЛ Скопје за 2019 година

11. Годишен извештај за работата на Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти за 2019 година, со Предлог - одлука

12. Извештај за реализирани активности на стратешките приоритети од Националната стратегија за млади (2016-2025) за 2019 година

13. Предлог - уредба со законска сила за финансиска поддршка на работодавачите погодени од здравствено - економската криза предизвикана од вирусот КОВИД - 19, заради исплата на платите за месеците април и мај 2020 година

14. Предлог - уредба со законска сила за примена на Законот за угостителската дејност за време на вонредна состојба

15. Предлог - уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на одредбите од Законот за минерални суровини за време на вонредна состојба

16. Предлог - уредба со законска сила за примена на Законот за енергетика* за време на вонредна состојба

17. Предлог - уредба за изменување дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2020 година

18. Предлог - програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2020 година

19. Предлог - програма за изменување на Програмата за финансирање на активностите во тутунското производство за 2020 година

20. Информација за потреба од набавка на услуга за превентивна дезинсекција против возрасни форми на комарци и против ларви од комарци

21. Информација за времено решавање на проблемот со отстранување на комуналниот отпад од Општина Кичево

22. Информација за пренамена на средства од Проектот за поврзување на локални патишта финансиран од Светска банка во насока на кофинансирање на владината мерка за финансиска поддршка на работодавачите погодени од здравствено-економската криза предизвикана од вирусот КОВИД – 19 за исплата на платите на работниците за месеците април и мај 2020 година

23. Предлог - лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за приредување игри на среќа „Каззино моззарт" ДОО Скопје за деловната просторија на ул. „Димитрие Чуповски" бр.1Б, Центар, Скопје

24. Предлог - лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за трговија и услуги „Кинг еуропе" ДОО увоз-извоз Гевгелија за деловната просторија на ул. „Маршал Тито" бр.1, Стар Дојран

25. Информација за усвојување на препораки од Европската служба за надворешно дејствување во врска со одговорите на ЕУ Прегледот за хибридни закани и ризици за Република Северна Македонија

26. Годишен извештај за примената на Законот за бесплатна правна помош за 2019 година

27. Предлог - уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за основното образование за време на вонредна состојба

28. Предлог - уредба со законска сила за примена на Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта за време на вонредна состојба

29. Предлог - програма за изменување на Програма за изградба и реконструкција на основни училишта за 2020 година

30. Предлог - програма за изменување на Програма за изградба и реконструкција на средни училишта за 2020 година

31. Информација за продолжување на Проектот за развој на вештини и поддршка на иновации

32. Информација за напредокот со институционализација на националните здравствени сметки за 2017 година

33. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Националната установа Албански театар за деца и млади - Скопје

34. Информација доставена од Народен правобранител на Република Северна Македонија во врска со формиран предмет, под НП бр.3130/19 по поднесени претставки од страна на Цеврије Хатеми и Везире Шабановска од Скопје

35. Понуда од нотар Станка Горичан од Охрид за продажба на идеален дел КП бр.14567 м.в Град, култура-гиз во површина од 119 м2, КП бр.14567, м.в Град култура-зпз 1, во површина од 82 м2 и КП бр.14567, мв Град култура зпз 2 во површина од 46 м2 запишани во Имотен лист бр.101347 за КО Охрид 3

36. Понуда од нотар Арбана Дестани-Адеми од Куманово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.643 за КО Шупли камен на КП бр.2103

37. Кадровски прашања

38. Прашања и предлози

39. Извештај за работата на Информативното тело формирано согласно Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Информативно тело за олеснување на трговијата на Владата на Република Северна Македонија за Светската трговска организација

40. Акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со Ревизијата на усогласеност за 2018 година, во функција на надминување на утврдените состојби

41. Извештај за работа на Агенција за остварување на правата на заедниците за 2019 година

42. Годишен извештај за оценувањето на административните службеници во Република Северна Македонија за 2019 година

43. Информација за работењето на Економско-социјалниот совет во 2019 година

44. Извештај за работата на Советот за македонски јазик (јануари – декември 2019 година)

45. Информација за преземени активности во врска со реализацијата на активностите од Стратегијата за Роми 2014-2020, односно националните акциски планови за периодот јули - септември 2019 година

46. Информација за преземените активности во врска со реализацијата на активностите од Стратегијата за Роми 2014-2020, односно националните акциски планови за периодот октомври-декември 2019 година
47. Информација за набавка и инсталација на опрема за европски систем за контрола на возовите ETCS по должината на Коридорот 10 и набавка и инсталација на опрема за глобален систем за мобилна комуникација во железницата GSMR по должина на Коридорот 10, за период до 31.03.2020 година

48. Извештај за реализација на Програмата за поддршка на домашен туризам за работници со ниски приходи за 2019 година

49. Предлог - уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за буџетите за време на вонредна состојба

50. Информација за подготовка на Шеснаесеттиот состанок на Поткомитетот за земјоделство и рибарство на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Република Северна Македонија и Европската Унија, што ќе се одржи на 12.05.2020 година во Скопје

51. Информација за потребата за обезбедување на финансиски средства во буџетите на јавните здравствени установи преку Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија за задолжителна платена пракса на докторите по општа медицина во здравствените домови и општите болници со проширена дејност во Републиката, како и за ангажирање на патронажни сестри во Здравствените домови во Република Северна Македонија

52. Информација за потребата од пренамена на преостанатите средства од Програмата за заштита на животната средина по долината на реката Радика

53. Информација за преземање на потребни дејствија за мобилната апликација StopKorona!

54. Информација за исплата на парични права од социјална заштита за април 2020 година

55. Информација за донесување на Одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (КО Блаце Кале)

56. Информација за донесување на Одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (КО Сирково)

57. Информација за проширување на функционалноста на Владиниот контакт центар и во други институции - за компаниите и граѓаните во врска со информации за економските мерки и другите поврзани мерки за КОВИД - 19

*

*         *

Владата без забелешки ги усвои Записникот од 40-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 13 април 2020 година и Записникот од 41-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 14 април 2020 година.

*

*         *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа и усвои Записникот од Триесет и петтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД - 19, одржан на 25 април 2020 година.

**Точка 2**

Владата го разгледа и усвои Записникот од Триесет и шестиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД - 19, одржан на 27 април 2020 година и согласно предлозите изнесени во расправата на седницата, ги усвои следниве заклучоци:

1. По повод претстојниот државен празник Први Мај - Ден на трудот, почнувајќи од 1 мај 2020 година (петок), заклучно со 4 мај 2020 година (понеделник) до 5:00 часот наутро:

    1.1. Да се забрани движење на населението на територијата на Република Северна Македонија, во временски период од 14:00 часот до 5:00 часот наредниот ден.
    1.2. Да се забрани движење на лицата во Република Северна Македонија со возраст над 67 години, во временски период од 11:00 часот до 5:00 часот наредниот ден.
    1.3. Да се забрани движење на лицата во Република Северна Македонија со возраст до 18 години, во временски период од 14:00 часот до 12:00 часот наредниот ден

1.4. Да се забрани движење на возила од јавен превоз на територијата на Република Северна Македонија, во временски период од 14:00 часот до 5:00 часот наредниот ден.

Согласно ова, Владата донесе Одлука за дополнување на Одлуката забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија.

Оваа одлука е донесена со еден глас против.

2. Во овој тридневен период од 1 мај 2020 година (петок), заклучно со 3 мај 2020 година (недела), сите граѓани кои живеат во станбени објекти за колективно домување и што имаат домашни миленичиња (куче), може да ги изнесуваат надвор од своите домови во временскиот период пред започнување на забраната и посебниот режим на движење, односно до 14:00 часот.

За време на забраната и посебниот режим на движење на територијата на Република Северна Македонија, дозволи домашните миленичиња да се изнесуваат во времетраење од 30 минути, во вечерните часови, односно од 20:00 часот до 20:30 часот.

Притоа, како и до сега, ова е дозволено граѓаните да го прават најмногу до 100 метри од објектот во кој живеат и да го задржат минимум потребното растојание од останатите лица и да не се групираат.

3. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Државниот санитарен и здравствен инспекторат, Државниот инспекторат за труд и Државен пазарен инспекторат, кои вршат надзор над спроведувањето на одредбите од Уредбата со законска сила за носење лична заштита заради спречување на ширењето, сузбивање на заразната болест предизвикана од коронавирусот КОВИД – 19 и заштита на населението за време на вонредна состојба, до Владата на Република Северна Македонија, на дневна основа, да доставуваат извештај од спроведените надзори за прашањата кои се надлежни.

## Точка 3

Владата го разгледа и усвои Записникот од Триесет и седмиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД - 19, одржан на 28 април 2020 година.

## Точка 4

Владата ја разгледа Информацијата за барањата кои ги исполнуваат критериумите од Јавниот повик бр.1 за кредити од Кредитната линија од Посебниот кредитен фонд (ПКФ) со цел намалување на последиците од коронавирусот КОВИД - 19, со прилог кон Информацијата Список бр.3 и дополнително образложение, ја усвои Информацијата и ја задолжи Развојната банка на Северна Македонија да склучи

договори за кредит со кредитобарателите кои ги исполнуваат критериумите во Јавниот повик бр.1, наведени во Список бр.3, прилог кон Информацијата.

## Точка 5

Владата го разгледа новиот текст на Ценовникот за изменување на Ценовникот за отстрел на дивеч користење на дивечот и неговите делови и услуги во ловиштата на Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „ЈАСЕН“-Скопје, со Предлог-одлука за давање согласност и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Ценовникот за изменување на Ценовникот за отстрел на дивеч, користење на дивечот и неговите делови и услуги во ловиштата на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „ЈАСЕН“-Скопје, во предложениот текст.

## Точка 6

Владата го разгледа новиот текст на Ценовникот за изменување на Ценовникот за огревно и техничко дрво и други шумски производи и услуги во Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „ЈАСЕН“-Скопје, со Предлог-одлука за давање согласност и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Ценовникот за изменување на Ценовникот за огревно и техничко дрво и други шумски производи и услуги во Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „ЈАСЕН“-Скопје, во предложениот текст.

## Точка 7

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, во предложениот текст.

## Точка 8

Владата ги донесе:

- најновиот текст на Одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 2 и за висината на закупнината, во предложениот текст.

- новиот текст на Одлуката за давање на согласност на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште со Друштво за инженеринг, енергија, гас, трговија, монтажа и услуги „Алка енерџи“ ДООЕЛ Скопје, како закупец на земјиште, во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата по Информацијата за усвојување на Годишната сметка, Годишниот извештај и Финансискиот извештај за работа на Трговско друштво „Нафтовод" ДООЕЛ Скопје за 2018 година, со дополнувањето, со предлог-одлуки, ги донесе новите текстови на:

1. Одлуката за усвојување на Годишната сметка на Трговското друштво „Нафтовод" ДООЕЛ Скопје, за 2018 година, во предложениот текст.

2. Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работата на Трговското друштво „Нафтовод" ДООЕЛ Скопје за 2018 година, во предложениот текст.

3. Одлуката за усвојување на Финансискиот извештај на Трговското друштво „Нафтовод" ДООЕЛ Скопје, за 2018 година, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи Предлог-одлуката за покривање на загубата на Трговското друштво „Нафтовод" ДООЕЛ Скопје за 2018 година и Предлог-одлуката за намера за намалување на главнината на Трговско друштво „Нафтовод" ДООЕЛ Скопје, да се разгледаат на некоја од наредните седници на Владата.

**Точка 10**

Владата по Годишната сметка на Друштвото за производство, промет и услуги „Препород" ДООЕЛ Скопје за 2019 година, Годишниот извештај за работата на Друштвото за производство, промет и услуги Препород ДООЕЛ Скопје за 2019 година и Финансискиот извештај на Друштвото за производство, промет и услуги „Препород" ДООЕЛ Скопје за 2019 година, со нов текст на предлог - одлуки ги донесе:

1. Одлуката за усвојување на Годишната сметка на Друштвото за производство, промет и услуги „Препород" ДООЕЛ Скопје за 2019 година, во предложениот текст.

2. Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работата на Друштвото за производство, промет и услуги „Препород" ДООЕЛ Скопје за 2019 година, во предложениот текст.

3. Одлуката за усвојување на Финансискиот извештај на Друштвото за производство, промет и услуги „Препород" ДООЕЛ Скопје за 2019 година, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи да се имаат предвид укажувањата изнесени во:

- Мислењето на Министерството за правда - Управа за извршување на санкциите во насока ангажирањето на вработените од ДППУ „Економија" во ДППУ „Препород" ДООЕЛ Скопје се должи на недоволниот број на вработени во ДППУ „Препород" ДООЕЛ Скопје и истите се ангажирани се со цел да помогнат во остварувањето на целите во ДППУ „Препород" ДООЕЛ Скопје

- Мислењето на Министерството за финансии во насока преземање на активности со цел намалување на загубата и подобрување на финансискиот резултат на Друштвото.

**Точка 11**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти за 2019 година и го донесе новиот текст на Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работата на Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата го разгледа Извештајот за реализирани активности на стратешките приоритети од Националната стратегија за млади (2016-2025) за 2019 година (нов текст) и го усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт до крајот на 2020 година да изготви нова Национална стратегија за млади (2021-2025) и Акциски план за реализација на истата и во првиот квартал на 2021 година да ја достави до Владата на Република Северна Македонија.

2. Се задолжуваат Министерството за култура, Министерството за образование и наука, Министерството за здравство, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука - Биро за развој на образование, Фондот за иновации и технолошки развој, а им се укажува на Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Агенцијата за поддршка на претприемништвото во Република Северна Македонија, Центарот за стручно образование и обука и Центарот за образование на возрасните да номинираат свои претставници кои ќе учествуваат во подготовка на новата Национална стратегија за млади (2021-2025) и Акциски план, во рок од седум дена од усвојување на Извештајот.

**Точка 13**

Владата условно ја донесе Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на работодавачите погодени од здравствено - економската криза предизвикана од коронавирусот КОВИД - 19, заради исплата на платите за месеците април и мај 2020 година, со заклучок во истата да се извршат дополнителни усогласувања, како и редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Предлог-уредбата со законска сила за примената на Законот за угостителската дејност за време на вонредна состојба (нов текст) и ја донесе

Уредбата со заклучок во членот 2 зборовите „и за шест месеци по престанок на траењето на вонредната состојба“, да се избришат.

**Точка 15**

Владата го донесе најновиот текст на Уредбата со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за минерални суровини за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

**Точка 16**

Владата го донесе најновиот текст на Уредбата со законска сила за примена на Законот за енергетика* за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

**Точка 17**

Владата ја донесе Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2020 година (нов текст), со заклучок: во членот 1 наместо зборовите “од 1 април до 30 април 2020 година”, да стојат зборовите “од 5 април до 5 мај 2020 година”.

**Точка 18**

Владата ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2020 година (нов текст) со заклучок: Во делот II во табелата во подмерка 1.19. наместо зборовите „од 1 април до 30 април 2020 година“, да стојат зборовите“ од 5 април до 5 мај 2020 година”.

**Точка 19**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за финансирање на активностите во тутунското производство за 2020 година (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 20**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за потреба од набавка на услуга за превентивна дезинсекција против возрасни форми на комарци и против ларви од комарци, за наредната седница на Владата, на предлог на предлагачот, поради потреба од дополнителни усогласувања.

**Точка 21**

Владата по Информацијата за времено решавање на проблемот со отстранување на комуналниот отпад од Општина Кичево, заклучи:

1. Се препорачува на Општина Македонски Брод и Општина Битола, имајќи ја во предвид и вонредната состојба во која се наоѓа државата заради пандемијата со COVID-19, до донесување на посебен акт од страна на Владата на Република Северна Македонија (член 144 став (3) од истиот закон) со кој ќе се одреди локацијата и уреди начинот на работа и постапување со временската локација за отстранување на отпадот од Општина Кичево, до периодот на изградба на регионалната депонија за Југоисточниот регион, комуналниот отпад да биде отстранет во Општината Македонски Брод на локацијата „Барбароса“, односно наизменично и во „Мегленци“ во Општина Новаци (оваа локација ја оперира Општина Битола).

2. Се препорачува, заради регулирање на правата и обврските за времетраењето на оваа времена мерка, да се потпише договор за отстранување на комуналниот отпад помеѓу ЈКП „Комунална хигиена“ на Општина Македонски Брод, односно ЈКП „Комуналец“ на Општина Битола со Јавното претпријатие за комунални дејности „Кичево“ на Општина Кичево, до промена на состојбата.

**Точка 22**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за пренамена на средства од Проектот за поврзување на локални патишта финансиран од Светска банка во насока на кофинансирање на владината мерка за финансиска поддршка на работодавачите погодени од здравствено - економската криза предизвикана од вирусот КОВИД – 19 за исплата на платите на работниците за месеците април и мај 2020 година и условно ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии, по добивање на изработениот Акциски план за итни случаи од страна на Генералниот секретаријат на Владата, веднаш да испрати официјален допис до Светска банка за пренамена на средствата во износ од 50 милиони евра од Проектот за поврзување на локални патишта финансиран од Светска банка во насока на финансиска поддршка на работодавачите погодени од здравствено - економската криза предизвикана од вирусот КОВИД – 19 за исплата на платите на работниците за месеците април и мај 2020 година.

2. Се задолжува Министерството за финансии, по добивање на амандман на Договорот за заем за Проектот за поврзување на локални патишта од страна на Светската банка, да подготви и да достави до Владата на Република Северна Македонија Предлог - уредба со законска сила за промена за Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за поврзување на локални патишта.

3. Се задолжуваат Министерството за финансии и Министерството за транспорт и врски, а се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта, веднаш по усвојувањето на оваа информација, да определат лица од своите институции кои ќе даваат поддршка на Генералниот секретаријат на Владата при имплементацијата на целокупниот процес на финансиска поддршка, согласно

процедурите на Светската банка (од Министерството за финансии - лице за финансии, лице за набавки и лице за социјални и еколошки прашања, од Министерството за транспорт и врски - лице за финансии и од Јавното претпријатие за државни патишта - лице за социјални и еколошки прашања).

4. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата веднаш по усвојувањето на оваа информација, да формира Единица за справување со КОВИД – 19 кризата составена од вработените во Генералниот секретаријат на Владата и лицата определени од Министерството за финансии, Министерството за транспорт и врски и Јавното претпријатие за државни патишта.

5. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата, во соработка со лицата определени од постоечките проектни единици од Министерството за финансии, Министерството за транспорт и врски и Јавното претпријатие за државни патишта, веднаш по усвојувањето на оваа информација да изработат Акциски план за итни случаи, кој треба да биде доставен во прилог на официјалниот допис до Светска банка, наведен во Заклучокот број 1 од Информацијата.

**Точка 23**

Владата ја издаде Лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за приредување игри на среќа „Каззино моззарт“ ДОО Скопје за деловната просторија на ул. „Димитрие Чуповски“ бр.1Б, Центар, Скопје.

Владата ја издаде Лиценцата со два гласа против.

**Точка 24**

Владата издаде Лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за трговија и услуги „Кинг еуропе“ ДОО увоз-извоз Гевгелија за деловната просторија на ул. „Маршал Тито“ бр.1, Стар Дојран.

Лиценцата е издадена со 2 гласа против.

**Точка 25**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за усвојување на препораки од Европската служба за надворешно дејствување во врска со одговорите на ЕУ Прегледот за хибридни закани и ризици за Република Северна Македонија, со препораки и го усвои, со следниве заклучоци:

1. Ги прифати препораките на Европска служба за надворешно дејствување во врска со ЕУ прегледот за хибридни закани и ризици.

2. Се задолжува Министерството за одбрана да достави нова информација со статусот на имплементација на препораките во рок од една година од денот на усвојување на оваа информација.

## Точка 26

Владата го разгледа и го усвои Годишниот извештај за примената на Законот за бесплатна правна помош за 2019 година, согласно член 44 став (1) од Законот за бесплатна правна помош.

## Точка 27

Владата, на предлог на предлагачот го одложи за некоја од наредните седници разгледувањето на Предлог-уредбата со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за основното образование за време на вонредна состојба (нов текст), поради потребата од дополнителни усогласувања.

## Точка 28

Владата, на предлог на предлагачот го одложи за некоја од наредните седници разгледувањето на Предлог-уредбата со законска сила за примена на Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта за време на вонредна состојба (најнов текст), поради потребата од дополнителни усогласувања.

## Точка 29

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на основни училишта за 2020 година, во предложениот текст.

## Точка 30

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на средни училишта за 2020 година, во предложениот текст.

## Точка 31

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за продолжување на Проектот за развој на вештини и поддршка на иновации за наредната седница на Владата.

## Точка 32

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за напредокот со институционализација на националните здравствени сметки за 2017 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Државниот завод за статистика да ги обезбеди сите предуслови за преземањето на системот на национални здравствени сметки во текот на 2020 година.

2. Се укажува на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, до јуни 2020 година да ги имплементира техничките функционалности во системот, со цел автоматизирање на податоците што се во негова надлежност.

3. Се задолжува Државниот завод за статистика да ги преземе резултатите за 2017 година од Министерството за здравство и до крајот на 2020 година да преземе чекори за нивна валидација и објавување.

4. Се задолжува Државниот завод за статистика до јуни 2020 година да формира работна група составена од претставници на Министерството за здравство, Државниот завод за статистика, Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, Агенцијата за лекови и медицински средства на Република Северна Македонија и Министерството за финансии.

Истовремено Владата заклучи, да се има предвид укажувањето на Министерството за финансии, во насока сите предвидени активности поврзани со овој проект да се реализираат во рамки на одобрените средства на надлежните институции за соодветната фискална година.

## Точка 33

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Националната установа „Албански театар за деца и млади“ – Скопје, во предложениот текст.

## Точка 34

Владата ја разгледа Информацијата доставена од Народниот правобранител на Република Северна Македонија во врска со формиран предмет, под НП бр.3130/19 по поднесени претставки од страна на Џеврије Хатеми и Везире Шабановска од Скопје и по истата го утврди мислењето на Управата за водење на матични книги, во кое се укажува на следното:

Согласно постоечките позитивни законски прописи, постои недостаток на документи кои се битни за водење на управната постапка и запишување на детето во матичната книга на родените е оневозможено.

Народниот правобранител со писмен акт број 08-2 од 4.3.2020 година детално е известен за текот на постапката и приложените документи од страна на подносителот на барањето за упис во матичната книга на родените за децата Батије родена на 23.2.2013 година и Мелек родена на 7.2.2017 година.

Со оглед на фактот дека мајката на децата не поседува важечки документ за идентификација, не постои можност истата да поднесе барање за упис на нејзините малолетни деца.

ДНК-а анализата која е изготвена со која се докажува сродството помеѓу мајката и децата е доказ, но во отсуство на важечки документ за идентификација на родителот не може да се отпочне постапка за запишување на детето во матичната книга на родените.

Што се однесува пак до новодонесениот Закон за уредување на граѓанскиот статус на лицата без документи, истиот е донесен, но со него лицата за кои е потребно да се изврши дополнително запишување во матичната книга на родените, добиваат упис во посебна матична книга на родените, добиваат посебен извод од матична книга на родените, но не и единствен матичен број се додека не се доставаат документи битни за решавање на предметот со кои странките ќе се здобијат со можност за стекнување со македонско државјанство.

Самото ова кажува дека, додека мајката на детето не обезбеди важечки документ за идентификација, детето би се водело само во посебната матична книга на родените.

**Точка 35**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Станка Горичан од Охрид за продажба на идеален дел од КП бр.14567 м.в Град, култура-гиз во површина од 119 м2, КП бр.14567, м.в Град култура-зпз 1, во површина од 82 м2 и КП бр.14567, мв Град култура зпз 2 во површина од 46 м2 запишани во Имотен лист бр.101347 за КО Охрид 3 и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 36**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Арбана Дестани-Адеми од Куманово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.643 за КО Шупли Камен на КП бр.2103 и по Понудата го усвои негативното мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство како и Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 37**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 38**

**1.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија за период од 21.04.2020 до 26.04.2020 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**2.** Владата на предлог на д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања го задолжи

Министерството за здравство на наредната седница да ја информира Владата за причините поради кои проектот – Поликлиника во Сарај во моментов е во застој.

**Точка 39**

Владата го разгледа новиот текст на Извештајот за работата на Информативното тело формирано согласно Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Информативно тело за олеснување на трговијата на Владата на Република Северна Македонија за Светската трговска организација, како материјал за информирање.

**Точка 40**

Владата го разгледа новиот текст на Акцискиот план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи, заедно со Ревизијата на усогласеност за 2018 година, во функција на надминување на утврдените состојби, како материјал за информирање.

**Точка 41**

Владата го разгледа новиот текст на Извештајот за работа на Агенцијата за остварување на правата на заедниците за 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 42**

Владата го разгледа Годишниот извештај за оценувањето на административните службеници во Република Северна Македонија за 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 43**

Владата ја разгледа Информацијата за работењето на Економско – социјалниот совет во 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 44**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Советот за македонски јазик (јануари – декември 2019 година), како материјал за информирање.

**Точка 45**

Владата ја разгледа Информацијата за преземени активности во врска со реализацијата на активностите од Стратегијата за Роми 2014-2020, односно националните акциски планови за периодот јули - септември 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 46**

Владата ја разгледа Информацијата за преземените активности во врска со реализацијата на активностите од Стратегијата за Роми 2014-2020, односно националните акциски планови за периодот октомври-декември 2019 година, како материјал за информирање .

**Точка 47**

Владата ја разгледа Информацијата за набавка и инсталација на опрема за европски систем за контрола на возовите ETCS по должината на Коридорот 10 и набавка и инсталација на опрема за глобален систем за мобилна комуникација во железницата GSMR по должина на Коридорот 10, за период до 31.3.2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 48**

Владата го разгледа Извештајот за реализација на Програмата за поддршка на домашен туризам за работници со ниски приходи за 2019 година (нов текст), како материјал за информирање.

**Точка 49**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог - уредбата со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за буџетите за време на вонредна состојба, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 50**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка на Шеснаесеттиот состанок на Поткомитетот за земјоделство и рибарство на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Република Северна Македонија и Европската Унија, што ќе се одржи на 12 мај 2020 година во Скопје и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го определи Живко Брајковски од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за ко-претседавач на Поткомитетот за земјоделство и рибарство.

2. Се задолжува ко-претседавачот на Поткомитетот за земјоделство и рибарство во соработка со Секретаријатот за европски прашања да ја утврди Листата на учесници на состанокот на Поткомитетот за земјоделство и рибарство, најдоцна до 6.5.2020 година.

3. Се задолжуваат Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Агенцијата за храна и ветеринарството и Агенцијата за финансиска поддршка во

земјоделството и руралниот развој да ги достават до Секретаријатот за европски прашања пишаните материјали на англиски јазик, најдоцна до 6.5.2020 година.

4. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да ги достави пишаните материјали на англиски јазик до Европската комисија, најдоцна до 6.5.2020 година.

## Точка 51

Владата ја разгледа Информацијата за потребата за обезбедување на финансиски средства во буџетите на јавните здравствени установи преку Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија за задолжителна платена пракса на докторите по општа медицина во здравствените домови и општите болници со проширена дејност во Републиката, како и за ангажирање на патронажни сестри во здравствените домови во Република Северна Македонија и ја усвои, со следниов заклучок:

Се укажува на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија да изврши прераспределба на средства во рамки на веќе одобрениот буџет на Фондот во висина од 33.650.000,00 денари, односно да ги обезбеди дополнително потребните средства за платена пракса на докторите по општа медицина во здравствените домови и општите болници со проширена дејност во Република Северна Македонија, како и за ангажирање на патронажни сестри, согласно потребите.

## Точка 52

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од пренамена на преостанатите средства од Програмата за заштита на животната средина по долината на реката Радика и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Министерството за надворешни работи до италијанската страна да го пренесе барањето за пренамена на преостанатите средства од Програмата за заштита на животната средина по долината на реката Радика.

## Точка 53

Владата ја разгледа Информацијата за преземање на потребни дејствија за мобилната апликација StopKorona! и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува министерот за здравство да донесе решение за формирање на работна група за вршење увид во изворен код на мобилната апликација StopKorona!, составена од независни членови со соодветни познавања, чија задача ќе биде да извршат проверка на соодветност на изворниот код на мобилната апликација StopKorona! со намената и целта заради која е изготвена апликацијата, како и безбедноста на истата.

2. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација на својата инфраструктура да обезбеди и да управува со соодветни ресурси за

потребите на Министерството за здравство заради одржување на мобилната апликација StopKorona! за време на траењето на вонредната состојба.

3. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација по завршување на потребата од постоење на апликацијата StopKorona!, да предаде копија од виртуелната машина на Министерството за здравство заедно со целокупната база на податоци, да ја изгасне наведената виртуелна машина и трајно да ја избрише, како и трајно да ги избрише сите податоци кои се зачувуваат за потребите на функционирањето на апликацијата StopKorona!.

**Точка 54**

Владата ја разгледа и ја усвои Информацијата за исплата на парични права од социјална заштита за април 2020 година, со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да ги достави податоците за корисниците на парични права од социјална заштита до деловните банки најдоцна до 30.04.2020 година.

2. Се препорачува на деловните банки да обезбедат достапност на средствата од априлските исплати на паричните права од социјална заштита преку банкомати и во трговските мрежи од 04.05.2020 година (понеделник).

**Точка 55**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на Одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (КО Блаце Кале), со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта, во предложениот текст.

**Точка 56**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на Одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (КО Сирково), со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта.

**Точка 57**

Владата ја разгледа и ја усвои Информацијата за проширување на функционалноста на Владиниот контакт центар и во други институции - за компаниите и граѓаните во врска со информации за економските мерки и другите поврзани мерки за COVID 19, со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за финансии, Управата за јавни приходи на Република Северна Македонија, Министерството за економија, Министерството за

информатичко општество и администрација, Развојната банка на Република Северна Македонија, Министерството за труд и социјална политика и Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, во рок од 2 дена да определат и да го известат Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, по две лица вработени во институцијата што ќе работат како агенти/агентки во Владиниот контакт центар за одговор на прашања од надлежност на институцијата поврзани со економски мерки и други поврзани мерки за COVID 19.

2. Се задолжуваат Министерството за финансии, Управата за јавни приходи на Република Северна Македонија, Министерството за економија, Министерството за информатичко општество и администрација, Развојната банка на Република Северна Македонија, Министерството за труд и социјална политика и Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, за потребите на Владиниот контакт центар за одговор на прашања од надлежност на институцијата поврзани со економски мерки и други поврзани мерки за COVID 19, да обезбедат дека во текот на осумчасовното работно време, од 8 до 16 часот во работни денови, ќе обезбедат континуирана достапност на еден агент од институцијата, а организирајќи ја работата на агентите/агентките во смени во текот на денот или преку наизменично распоредување на агентите/агентките по работни денови според потребите на институцијата, за да обезбеди истовремено и континуитет на останатите работни задачи на вработените.

3. Се задолжуваат Министерството за финансии, Управата за јавни приходи на Република Северна Македонија, Министерството за економија, Министерството за информатичко општество и администрација, Развојната банка на Република Северна Македонија, Министерството за труд и социјална политика и Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, за потребите на Владиниот контакт центар за одговор на прашања од надлежност на институцијата поврзани со економски мерки и други поврзани мерки за COVID 19, да обезбедат поддршка на албански јазик за јавувач кој има потреба разговорот да се одвива на албански јазик, така што во случај на јавувач на албански јазик, прашањето и одговорот да се проследи преку вработен од институцијата кој говори албански јазик или на друг начин соодветен на можностите на институцијата.

4. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Мила Царовска, да обезбеди обука на пет лица од секоја институција за Владиниот контакт центар за одговор на прашања од надлежност на институцијата поврзани со економски мерки и други поврзани мерки за КОВИД - 19, за пристапот и начинот на одговор на прашањата.

*

*     *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:55 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

д-р Драги Рашковски

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Оливер Спасовски